Димитар Поп Георгиев — Беровски, а за неговиот живот и дело зборуваше Боро Дракалски. Музејската изложба ја отвори претседателот на МАНУ, акад. Михаило Апостолски. На приемот што се одржа во конаците за развојот на Беровска општина зборуваше претседателот на Извршниот совет на собранието на Берово, Бранко Шумански. Во текот на целиот ден во Берово владееше празнична атмосфера. Срдечноста и гостоприемството на беровчани ќе им остане во многу пријатен спомен на сите гости.

Благој СТОИЧОВСКИ

## Д. П., ЗА ПОСТДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД НА КАТЕДРАТА ЗА ИСТОРИСКИ НАУКИ ПРИ ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со посебна одлука на Советот на Филозофскиот факултет при Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје, прифатена и потврдена од Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во наставната 1971/1972 година за првпат беше воведена настава на III степен — постдипломски студии од историјата на македонскиот народ на Катедрата за историски науки.

Поведувањето на ваков вид настава на оваа највисока наставно-научна институција во нашата Република имаше за цел да ги задоволи нараснатите потреби за научно и стручно усовршување на високошколските кадри по историја, кои се вработени во научно-истражувачките, наставно-научните, културно-просветните и др. институции во СРМ. Тоа дојде и како резултат на сè поинтензивното развивање на историската наука кај нас а особено со продлабоченото и сестрано проучување на историјата на македонскиот народ.

Исто така наставата на овие постдипломски студии можат да ја посетуваат и слушатели од другите републики на нашата земја, кои се интересираат и имаат желба да ја проучуваат историјата на македонскиот народ.

Откако ги разгледа кадровските и другите можности, Катедрата за историски науки застана на становиште, во почетокот, да се организираат постдипломски студии од историјата на македонскиот народ — нов и најнов век, а подоцна кога ќе се создадат поволни можности да се воведат вакви студии и за средновековната историја на македонскиот народ.

Главните услови за прием на слушатели на овие постдипломски студии се: кандидатите да имаат завршени четиригодишни студии Група историја, нивниот среден успех од главниот и вториот главен предмет да не биде помал од 8 (осум), или да имаат објавени трудови од областа на историската наука, што ќе бидат позитивно оценети од Комисијата за постдипломски студии при Катедрата за историски науки и да се служат со еден современ странски јазик (пасивно знаење). По овие услови беа примени слушатели во наставната 1971/72 и 1973/74 година. Условите за прием на третата генерација слушатели беа

променети. Според нив на постдипломските студии од Историјата на македонскиот народ можат да се запишат и слушатели со завршени четиригодишни студии на други сродни факултети, но кои ќе полагаат приемен испит од историја. Исто така Комисијата за постдипломски студии, реши да го намали просекот за примање на кандидатите од 8 на 7,50 од главниот предмет.

Наставата на III степен од Историјата на македонскиот народ — нов и најнов век, трае две наставни години, односно четири семестри. Во првите два семестри се изведува настава по сите четири предмети и тоа: 1. Теорија и методологија на историската наука, 2. Османско турски или грчки јазик, 3. Еден современ светски јазик (француски, германски, англиски, руски) и 4. Специјални предавања од областа на историјата на македонскиот народ. По вториот семестар се изведуваат испити од првите три предмети, додека Специјалните предавања од областа на историјата на македонскиот народ се слушаат и во третиот и четвртиот семестар и се полага по четвртиот семестар.

Предавањата од Теорија и методологија на историската наука ги држи проф. д-р Христо Андонов-Полјански, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Низ овие предавања слушателите се запознаваат со: основните теоретски поими за историјата, методологијата на историската наука, разделбата на историската материја, видовите на историските извори, историските доктрини по епохи, етапите во развитокот на историографијата, посебно со македонската историографија и др.

Предавањата по Османско-турски јазик ги држи проф. Методија Соколоски, редовен професор на истиот факултет. Додека предавањата по грчки, и современите светски јазици, ги држат професори и лектори од соодветните катедри на Филозофскиот и Филолошкиот факултет во Скопје.

Специјалните предавања од областа на историјата на македонскиот народ ги држат професори од Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет и од други факултети во Скопје, од Македонската академија на науките и уметностите, научни советници од Институтот за национална историја во Скопје, Институтот за современа историја во Белград и други.

Првите пет предавања се воводни и ја опфаќаат историјата на македонскиот народ до XIX век:

1. Историја на македонскиот народ до XIII век — предавач проф. д-р Бранко Панов.

2. Историја на македонскиот народ во XIII и XIV век — предавач проф. Томо Томоски.

3. Историја на македонскиот народ во XV и XVI век — предавач проф. Методија Соколоски.

4. Историја на македонскиот народ во XVII и XVIII век — предавач проф. Љубен Лапе.

5. Ајдутското движење до XIX век — предавач д-р Александар Матковски.

Следните две предавања на тема — Турската империја во XIX век, што ги држи проф. Љубен Лапе, имаат за цел да им помогнат на слушателите потемелно и посестрано да ги сфатат опште-

ствено-политичките настани во Турската империја, во чиј состав се наоѓала цела Македонија.

Одделни специфичности во општествено-политичкиот и културниот развиток на останатите југословенски народи и нивните врски со македонскиот народ во споменатиот период, се разгледуваат во три предавања на тема — Специфичности во развитокот на југословенските народи во XIX и XX век. Овие предавања пред првите две генерации ги одржа проф. д-р Андрија Лаиновиќ, а сега ги држи проф. д-р Александар Апостолов.

Стопанските прилики во Македонија во XIX и XX век, со посебен акцент на појавата и развитокот на капиталистичките елементи се предмет на разгледување на две предавања под наслов — Појава и развиток на капитализмот во Македонија — што ги држи проф. д-р Данчо Зографски.

За општествено-политичката положба на македонскиот народ во XIX и XX век, проф. Љубен Лапе држи посебен циклус од пет предавања на тема — Развиток на македонското општество во XIX и XX век.

За појавата и дејствувањето на странските пропаганди во Македонија се држат 3 предавања и тоа:

1. Грчката пропаганда во Македонија — предавач д-р Крсте Битоски.

2. Српската пропаганда во Македонија — предавач д-р Глигор Тодоровски.

3. Бугарската пропаганда во Македонија — предавач д-р Иван Катарџиев.

Проф. д-р Христо Андонов — Полјански држи циклус од пет предавања на тема: — Европските држави и македонското прашање во XIX и XX век, како и едно предавање на тема — Македонското прашање на Версајската мировна конференција.

На појавата, развитокот и карактерот на нашето националноослободително движење до 1918 година се посветени пет предавања на тема: Етапи во развитокот на македонското национално-ослободително движење, што ги држи проф. Љубен Лапе.

За овој период од историјата на македонскиот народ до 1918 година, се држат уште две предавања и тоа:

1. Македонија во Балканските и Првата светска војна — предавач д-р Иван Катарџиев.

2. Појава и развиток на социјалистичкото и работничкото движење во Македонија до 1919 година — предавач проф. д-р Данчо Зографски.

За периодот меѓу двете светски војни се држат поголем број предавања и тоа:

1. Политичките прилики во Македонија меѓу двете светски војни — предавач академик проф. д-р Кирил Миљовски,

2. Аграрната реформа и колонизација во Вардарска Македонија — предавач проф. д-р Александар Апостолов,

3. Развиток на комунистичкото и работничкото движење во Македонија од 1919 до 1935 година — предавач д-р Орде Иваноски,

4. Развиток на комунистичкото и работничкото движење во Македонија од 1935 до 1941 година — предавач проф. Славка Фиданова,

5. Народен фронт — предавач проф. Славка Фиданова,

6. Македонија пред Друштвото на народите — предавач проф. д-р Војо Кушевски,

7. Европските земји и нивниот однос кон македонското прашање во времето меѓу двете светски војни — две предавања — предавач проф. д-р Живко Аврамовски.

Посебно место и внимание во Специјалните предавања ѝ се посветени на историјата на Народноослободителната војна и Револуција. За овој период се држат следниве предавања:

1. Специфичностите во развитокот на народноослободителното движење во Југославија — предавач проф. д-р Перо Морача,

2. Движењето на отпорот во балканските земји со посебен осврт на Пиринска и Егејска Македонија (и Албанија) — две предавања — предавач акад. Михаило Апостолски,

3. Ослободителната борба на македонскиот народ за национална и социјална слобода во текот на Втората светска војна, окупација на Македонија и колаборационистичките сили во Македонија — предавач акад. Михаило Апостолски,

4. Создавање и развој на народноослободителната војска во Македонија — предавач акад. Михаило Апостолски,

5. Улогата на КПЈ во НОВ — предавач д-р Велимир Брезоски,

6. Улогата на СКОЈ во НОВ — предавач д-р Владо Ивановски,

7. Создавање на органите на народната власт — предавач проф. Славка Фиданова,

8. Прашањето за обединувањето на македонскиот народ во текот на Втората светска војна, предавач проф. Славка Фиданова.

Преку овие специјални предавања слушателите на постдипломските студии од Историјата на македонскиот народ, сестрано се запознаваат со третираните проблеми од соодветната тема и се здобиваат со потемелни познавања за достигањата на историската наука во одделни области од историјата на македонскиот народ.

Испитот од овој предмет го изведува комисија од тројца професори на Катедрата за историски науки и тоа: проф. Љубен Лапе, редовен професор, проф. д-р Александар Апостолов, редовен професор и проф. Славка Фиданова, вонреден професор.

Слушателите на постдипломските студии од Историјата на македонскиот народ се задолжени да изработат магистерски труд од областа на историјата на македонскиот народ. Темите за магистерските трудови се определуваат во вториот семестар, а рокот за нивното предавање е една наставна година по завршувањето на IV семестар. При изработката на овој труд секој кандидат има определен ментор. Консултациите со менторите се одржуваат еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати.

На распишаниот конкурс за првата генерација слушатели, се пријавија вкупно 12 кандидати. Од нив осум кандидати ги исполнуваа условите и беа примени. Во текот на студиите двајца од нив се откажаа од овие студии. Кандидатите кои останаа на постдипломските студии ги добија следниве теми за магистерски трудови:

1. Даринка Пачемска — „Внатрешна македонска револуционер-

на организација (обединета)", ментор проф. д-р Војо Кушевски;

2. Кочо Сидовски — „Италијанската политика кон Македонија од обединувањето на Италија до Илинденското востание", ментор проф. д-р Христо Андонов — Полјански;

3. Михаило Миновски — „Политиката на Австро-унгарија спрема Македонија од Берлинскиот конгрес до Илинденското востание", ментор проф. д-р Христо Андонов — Полјански;

4. Лазар Лазаров — „Улогата на општествено-политичките организации во обновата и изградбата на Македонија (1944—1948)", ментор проф. д-р Александар Апостолов;

5. Александар Трајановски — „Егзархијата и македонското национално ослободително движење од 1893 до 1908)", ментор проф. Љубен Лапе;

6. Методија Манојловски — „Воените операции на единиците на НОВ во Македонија во текот на 1944 година во светлините на најновата документација", ментор проф. Славка Фиданова.

Слушателите од втората генерација ги добија следниве теми:

1. Драган Велков — „Политиката на кралството Србија према Македонија од 1903 до 1908 година", ментор проф. Љубен Лапе.

2. Маргарита Ристевска — „Француската политика кон Македонија од Берлинскиот конгрес до 1903 година", ментор проф. д-р Христо Андонов — Полјански;

3. Живан Стојковиќ — „Српската социјалдемократија и македонското национално прашање (1903—1919)", ментор проф. д-р Андрија Лаиновиќ;



4. Христо Христов — „Општествено-политичките и социјалните прилики во Македонија од 1919 до 1929 година", ментор проф. д-р Данчо Зографски;

5. Јани Киселиновски — „Колонизацијата во Егејска Македонија меѓу двете светски војни и нејзините последици", ментор проф. д-р Александар Апостолов.

Слушателите на постдипломските студии од првата генерација ги изработија своите магистерски трудови, половина од нив веќе ги одбранија, а останатите се подготвуваат за одбрана на истите. Слушателите од втората генерација интензивно работат на изработката на своите магистерски трудови. Слушателите кои се запишаа во оваа наставна 1975/76 година, ќе ги добијат темите за магистерски трудови во текот на вториот семестар.

По успешно завршените постдипломски студии од историјата на македонскиот народ, слушателите добиваат научен степен — Магистер.

Земајќи го предвид бројот на пријавените кандидати од првата генерација 12, втората 10, третата 14, како и покажаниот одличен и многу добар успех на испитите и залагањата при изработката и одбраната на магистерските трудови, можеме да констатираме дека постои голем интерес за овие студии. Исто така, тоа ја потврдува и потребата од постоење на постдипломски студии од историјата на македонскиот народ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје.

Д. П.